Напишано од FES
Четврток, 15 Септември 2011 00:00 - Последно освежено Вторник, 28 Февруари 2012 13:59




Фондацијата Фридрих Еберт,канцеларија Скопје (ФЕС) во партнерство со Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Школата за јавна политика “Мајка Тереза”, ФОН Универзитетот и Фондацијата Институт отворено општество Тинк-Танк организираа меѓународна академска конференција посветена на 20 годишнината од независноста на Република Македонија **“20 години македонска независност: економс ки и политички случувања”**
.
Конференцијата беше одржана во просториите на ФОН Универзитетот во Скопје на 15 и 16 септември.



**“20 години македонска независност: економски и политички случувања”**

Фондацијата Фридрих Еберт,канцеларија Скопје (ФЕС) во партнерство со Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Школата за јавна политика “Мајка Тереза”, ФОН Универзитетот и Фондацијата Институт отворено општество Тинк-Танк организираа меѓународна академска конференција посветена на 20 годишнината од независноста на Република Македонија **“20 години македонска независност: економски и политички случувања”**
.
Конференцијата беше одржана во просториите на ФОН Универзитетот во Скопје на 15 и 16 септември.

Говорници на отворањето на конференцијата беа: Д-р Марија Ристеска - Извршен Директор на ЦИКП, Д-р Жидас Даскаловски - Директор на Факултетот за јавна политика “Мајка Тереза”, Д-р Александар Николовски - ректор на ФОН Универзитетот и Д-р Хајнц Бонгартц, официјален претставник на Фридрих Еберт Фондацијата, канцеларија Скопје (ФЕС). Истотака на конференцијата имаа свои стручни обраќања и претствување на трудови голем број на експерти, практичари и реномирани научници областа на општествените науки. На панелите претседаваа и дадоа свои воведни обраќања: проф. Вил Бартлет од Лондонската школа за економија, проф. Вели Кречи од Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово, Ридван Пескопиа од Американскиот универзитет во Тирана, Албанија; Д-р Жидас Даскаловски од Универзитетот “Св Климент Охридски”, Битола, Македонија; Димитар Бечев - шеф на Софиската канцеларија на Европскиот совет за надворешни односи од Софија, Бугарија и проф. Димитар Мирчев од ФОН Универзитетот Скопје.



